**Арх.бр.13-277/8**
**22. 05. 2014 година**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

# К О Н Е Ч Е Н И З В Е Ш Т А Ј

## РЕВИЗИЈА НА СИСТЕМОТ НА ВНАТРЕШНИ КОНТРОЛИ НА ПРОЦЕСОТ НА УТВРДУВАЊЕ И НАПЛАТА НА ДАНОЧНИТЕ ПРИХОДИ И КОМУНАЛНИ ТАКСИ ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

**Доставено до:**

**Градоначалник на Општина Македонски Брод**
**Досие во Одделението за внатрешна ревизија Македонски Брод**
**Одделение за администрирање на даноци и комунални такси**

Република Македонија Општина Македонски Брод

**Македонски Брод, Мај, 2014година**

**СОДРЖИНА НА ИЗВЕШТАЈОТ**

1. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ......................... 2

2. ДЕТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ.................................................. 5

**2.1.** ***Вовед и општи информации...........................*** 5
***2.2.Опис на системот/процесот........................*** 6
***Заклучок...............................................................*** 9

## 1.ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

### *Предмет и цели*

Предмет на ревизија е системот на интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на даночните приходи и комунални такси во Општина Македонски Брод, за 2013 година, како и функционирањето на внатрешните контроли во споменатите процеси.

Целта на ревизијата е оценка на соодветноста и ефективното дејствување на интерниот контролен систем во процесот на утврдување и наплата на даночни приходи и комунални такси во општина Македонски Брод и давање на препораки за превземање мерки за надминување на утврдените слабости.

За добро менаџирање во една локална самоуправа е важно да постојат процедури за утврдување, контрола, надзор и наплата на приходите од даноци и комунални такси.

Немаме вршено ревизија и не е издаден извештај за процесот на утврдување и наплата на приходите од данок на имот, данок на наследство/подарок и данок на промет на недвижности и комунални такси.

### *Вовед и општи информации*

Субјектите од јавниот сектор на локално ниво, остваруваат изворни приходи кои главно се состојат од приходи од различни форми на локални даноци и такси. Поради тоа, процесот на децентрализација кој започна во месец јули 2005 година донесе многу позитивни новини во работењето на единиците на локалната самоуправа. Една од нив, можеби најважната по своето значење и суштина, преставува можноста и обврската локалните даноци и такси да бидат администрирани (утврдување и наплата) од страна на локалната самоуправа како директен корисник на средствата. Со пренесувањето на овие надлежности на локалната самоуправа се цени дека ќе постои поголема заинтересираност на локалните власти за наплата на даноците кои претставуваат изворен приход во финансирањето на активностите на општината, а исто така и поголемо разбирање од страна на граѓаните за поврзаноста на даноците и услугите од јавен интерес кои ги нуди општината. Но пренесувањето на надлежностите само по себе не значи одредено право, туку и обврска која локалната самоуправа мора доследно и квалитетно да ја извршува. Од друга страна, самостојноста во утврдувањето на висината на сопствените приходи бара квалитетен менаџмент за поефикасна наплата на локалните даноци и такси, со што се влијае и на поефикасно обезбедување и извршување на услугите кои се финансираат со сопствени приходи. За да се зголеми нивото на собирање на приходите, единиците на локалната самоуправа имаат право да воведуваат сопствени фискални политики, односно да ја дефинираат стапката на даноците и висината на локалните надоместоци и такси.
Соодветно утврдениот даночен капацитет на општините, правилното постапување при администрирањето на локалните даноци и такси, високиот степен на наплата на локалните даноци и такси се карактеристика на локална самоуправа која има соодветен капацитет за управување со правата и обврските овозможени со постоечките закони (Закон за даноците на имот и Закон за комунални такси).

Градоначалникот на Општина Македонски Брод ги овласти со овластување бр. 13-277/2, Раководителот Билјана Бошкоска и Внатрешниот ревизор Велјанка Србиноска од Одделението за внатрешна ревизија во Општина Македонски Брод, согласно Годишниот план за внатрешна ревизија да изврши ревизија, односно да направи преглед и оценка за адекватноста на системот на внатрешна контрола кој што е воспоставен од раководството на единицата на локална самоуправа во процесот на изготвување на решенија на данок на имот, данок на наследство и подарок, данок на промет на недвижности и комунални такси и нивната наплата, како и да изврши ревизија колку законските прописи се имплементирани во утврдување на пазарната вредност на имотот, применета на стапките за пресметување на данокот, наплатата на данокот како и други факти битни за споменатите процеси.

Период во кој е извршена ревизијата е од 01.04.2014 година до 31.05.2014 година со увид во документација од даночното сметководство и со интервју на државните службеници вработени во Одделението за администрирање на даноци и такси.

Период на ревизија е работењето на одделението за администрирање на даноци и такси во 2013 година, (процес на данок на имот, данок на наследство/подарок, данок на промет на недвижности и комунални такси).

Со извршената ревизија и од увидот на прилложената документација ревизијата констатира дека данокот на имот, данокот на наследство и подарок и данок на промет на недвижности е утврден според податоците кои се пријавени од страна на даночните обврзници (договор за купопродажба, имотен лист, договор за поклон, судско решение за физичка делба, судска пресуда), како и од податоците кои се добиени од **овластеното лице (проценител) за проценка** на пазарната вредност на недвижниот имот, со примена на Методологијата за проценка на недвижен имот. На утврдената основица се применуваат стапките утврдени со одлуките број: 08-387/2 година, за данок на наследство и подарок, данок на промет на недвижности и данок на имот, донесени од Советот на Општина Македонски Брод на седница од 01.11.2005.

По спроведената ревизија, ревизорите се во уверување дека, вработените во Одделението за администрирање на даноци и такси заедно со овластеното лице Зоран Новески, проценител на недвижен имот, овластен со **Решение за овластување за вршење процена од областа на недвижниот имот** бр.08-60/1 од 11.01.2013 година донесено од градоначалникот на општината, се залагаат да ги минимизираат ризиците, да извршат правилна и законска процена на недвижниот имот, да ги запазат законските рокови за изготвување на решенијата за даноците на имот и комуналните такси и да извршат навремена наплата и прибирање на изворните приходи. На тој начин се зајакнува финансискиот капацитет на општината и може да се изврши реализација на предвидените проекти. Со ревизијата добивме разумно уверување дека можните ризици од нецелосно и неточно утврдување на даночните приходи и комунални такси се сведени на ниско ниво поради добро воспоставените внатрешни контроли, изготвени пишани процедури кои се применуваат во пракса и добра кадровска екипираност на одделението за администрирање на даноци односно добра контролна средина.

## 2.ДЕТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ

## 2.1. *Вовед и општи информации*

Ревизијата е направена како дел од годишниот план за ревизија на Општина Македонски Брод како ревизија на процесот на администрирање на даноци и комунални такси за 2013 година.
Внатрешна ревизија претставува независна објективна активност за проверување на информации и потврдување на нивната точност и давање совет, создадена со цел да придонесе во подобрувањето на работењето на субјектите. Таа им помага на субјектите да ги исполнат своете цели, применувајки планиран, строго определен пристап на проценка и подобрување на успешноста во процесите на управување со ризикот, контролата и раководењето.
Ревизијата се спроведува согласно принципите на законитост, независност, доверливост, непристрасност и професионалност.

**Предмет на ревизијата** е системот на внатрешни контроли на процесот на утврдување и наплата на даночните приходи и комунални такси во Општина Македонски Брод.

**Ревизијата опфаќа** испитувања на докази за спроведување на постапките за успешно пресметување и наплата на приходи од даноците на имот и комуналните такси. Во текот на ревизијата користени се следните методи: интервју со лицата вклучни во процесот,
преглед на документација која се однесува на процесот на утврдување и наплата на даноците на имот и комуналните такси и тестови на усогласеност.
Период на опфат на ревизијата е 2013 година.
Период во кој што беше извршена ревизијата е од 01.04.2014 до 31.05.2014 година.
Со процесот на утврдување и наплата на даноците на имот и комуналната такса се опфатени повеќе подпроцеси, за кои одделението за администрирање на даноци и такси води сметка и за истите има остварено приход, а тоа се утврдување и наплата на:
-данок на промет на недвижности,
-днок на наследство и подарок,
-данок на имот,
-комунална такса за назив на деловна фирма,
- користење на простор пред деловните простории за вршење на дејност,
- користење на музика во јавните локали.

**Целта на ревизијата** е оценка на адекватноста и ефективното дејствување на интерниот контролен систем во процесот на утврдување и наплата на даночни приходи и комунални такси во општина Македонски Брод, со цел да се осигура за комплетноста, постоењето, вреднувањето, точноста, регуларноста и обелоденување на приходите од даноци и комунални такси , навремено , редовно се доставуваат до сметководството.

Во текот на ревизијата **користени се следните методи**: интервју со лицата вклучни во процесот,преглед на документација која се однесува на процесот на утврдување и наплата на даноците на имот и комуналните такси и тестови на усогласеност.

**Ревизијата е извршена во согласност со стратешкиот и годишниот план за внатрешна ревизија**, Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата и Мегународните стандарди за профисионално извршување на внатрешна ревизија. Со стандардите се бара ревизијата да се планира и подготви, со цел да се идентификуваат ризиците значајните грешки, неправилности и неусогласености да се обезбеди точно, објективно, концизно, конструктивно и навремено известување.

Внатрешните ревизори **немаат претходно вршено ревизија,** ниту имаат издадено било каков вид на извештај за процесот на пресметивање и наплата на даноците на имот и комуналните такси.

Функционирањето на интерните контроли, законските и интерните акти кои важат за процесот на собирање на приходите се одговорност на ***Градоначалникот и раководителот на оделението за администрирање на даноци во Општина Македонски Брод.***

Одговорност на внатрешните ревизори е да го издадат овој извештај, во кој ќе дадат независна и објективна проценка дали во процесот на собирање на приходите од даноци и комунални такси се воспоставени внатрешни контроли и се запазени законските прописи и акти.

## *2.2.Опис на системот/процесот*

Со извршената ревизија и со увидот во документацијата ревизијата констатира дека данокот на имот, данокот на наследство и подарок и данок на промет на недвижности е утврден според податоците кои се пријавени од страна на даночните обврзници (даночна пријава, договор за купопродажба, имотен лист, договор за поклон, судско решение за физичка делба, судска пресуда), како и од податоците кои се добиени од **овластеното лице (проценител) за проценка** на пазарната вредност на недвижниот имот, со примена на Методологијата за проценка на недвижен имот. На така утврдената основица на пазарната вредност на недвижниот имот, се применуваат стапките утврдени со одлуките број: 08-387/2 година, за данок на наследство и подарок, данок на промет на недвижности и данок на имот, донесени од Советот на Општина Македонски Брод на седница од 01.11.2005.

Висината на стапката во наведените одлуки изнесува и тоа :

-**за данок на имот** 0,10%;

-**данок на наследство и подарок** за обврзник од втор наследен ред **2%**, а за обврзник од трет наследен ред или обврзник кој не е во сродство со оставителот, данокот се пресметува по стапка од **4%** од пазарната вредност на имотот,

-**стапката за данокот на промет на недвижности** изнесува **3%**.

Донесените одлуки за висината на стапките за пресметување на споменатите видови на данок, се во законски утврдената рамка.

Даночните обврзници за данок на имот се должни да поднесат пријави до даночната администрација најдоцна до 31 јануари во годината за која се врши утврдување на данокот на имот. Оние обврзници што веќе имаат поднесено даночни пријави во изминатите години немаат обврска да поднесуваат нови пријави доколку немаат промена во состојбата на нивниот недвижен имот и администраторот изготвува решенија по старите пријави.
Доколку даночниот обврзник го стекнал имотот или почнува да го користи во текот на годината должен е да поднесе даночна пријава во рок од 15 дена по стекнување или користење на правото на сопственост врз недвижниот имот. Државниот службеник за администрирање на данокот на имот (самостоен референт за утврдување на локални приходи), го утврдува врз основа на податоците од даночната пријава, деловните книги на даночните обврзници како и од други податоци со кои располага општинската администрација. Даночниот обврзник е должен заедно со даночната пријава да достави и докази за сопственост на недвижниот имот(имотен лист).
Подготвеното решение во законски утврдениот рок се доставуваат до раководителот на одделение за контрола и до градоначалникот за одобрување. Потпишаното (одобрено) решение се заверува во архива, се доставува до даночниот обврзник и се ажурира во даночната евиденција.
Доколку со решението за данок на промет и данок за наследство/подарок има данок за плаќање, даночниот обврзник треба да го плати данокот на наследство/подарок или данок на промет на недвижности и да достави уплатница до одговорното лице како доказ дека данокот е платен. Врз основа на приложениот доказ за платен данок на наследство/подарок или данок на промет на недвижности одговорното лице го заверува документот и го заведува новиот даночен обврзник во Регистарот на даночни обврзници.
Бидејќи во споменатите процеси на издавање на решенија за данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности, станува збор за лица кои наследуваат имот, добиваат на подарок имот, или купуваат недвижности, треба да се внимава, податоците на новите даночни обврзници да се внесат во електронскиот систем на даночни обврзници и да се ажурира Регистарот за недвижен имот кој служи како база на податоци на општинската администрација за даночните обврзници, вкупната површина на земјиштето и зградите вредноста на имотот и овој регистер треба да се надополнува постојано кога се излегува на терен и се врши проценка на некоја новонастаната состојба, заради ажурирање на Регистарот.
Основа за пресметување на данокот на наследство и подарок претставува пазарната вредност на наследениот имот или на имотот добиен на подарок, а основа на данокот на промет на невижности е пазарната вредност на недвижноста во моментот на настанување на обврската.

Пресметаниот **данок на промет на недвижности** како и пресметаниот данок на наследство и подарок доколку го има, даночниот обврзник е должен да го плати во рок од 15(петнаесет) дена од денот на приемот на решението.

Вкупниот облог **за данок на имот** за 2013 година во Општна Македонски Брод изнесува 1.082.363денари. Извршената наплата за истата година изнесува 972.929ден. или изразено во проценти околу 89,89%. За ненавремено плаќање на данокот на имот од физички лица досега се испраќани само опомени врз основа на кои опомени се повикуваат даночните обврзници да го платат заостанатиот долг и според кажувањата на лицето задолжено за собирањето на данокот на имот имало ефект, но не доволно. Затоа во 2014 год. (во текот

на ревизијата) се преземени дополнителни активности се издадени решенија за блокирање на сметка, со цел спроведување на законската обврска за присилна наплата.

Вкупниот износ на **данок на наследство и подарок** наплатен во 2013 година изнесува 100.311,00денари, а износот на наплатениот данок на промет на недвижности и права изнесува 1.938.964 денари. Со оглед на фактот дека споменатите даноци се пресметуваат по примена даночна пријава за реализација на решенијата за наследство/подарок , како и по даночните пријави за реализација на купопродажни договори, бидејќи документот (договор, судско решение) не се заверува и решението не се издава додека да се платат пресметаните износи на данок, според тоа сите пресметани даноци се наплатени односно наплатата кај овие даноци е 100%.

**Комунални такси, за кои пресметување, евиденција и наплата врши одделението за администрирање на даноци и такси се:**

-**Комунална такса за истакнување назив на деловни фирми**. При регистрација на фирма сопственикот има обврска до одделението за администрирање на даноци и такси да достави Решение од централен регистар за регистрација на фирма. Врз основа на податоците во Решението референтот за комунални такси го внесува во регистерот.За физички и правни лица и изготвува Решение за комунална такса за назив на фирма согласно одлуката за утврдување на висината на комунални такси, бр.08-182/1-3 од 21.03. 2006 година. Изготвеното Решение се доставува до даночниот обврзник за наплата и се евидентира во сметководствената евиденција на одделението. Рокот за плаќање е 30 дена од денот на добивањето на решението. Се изготвува облагателна листа. Се раскнижуваат изводите од трезор и повремено се усогласува со финансиско сметководство. За ненавремено плаќање на обврската за комунална такса се спроведува присилна наплата со изготвување на Решение за блокирање на сметка. Во ревидираниот период поради неможност за наплата, заради одење во стечај и ликвидација на фирмите (без стечајна маса), се отпишани 241.165,00ден.

Вкупниот облог (задолжување) за комунална такса во 2013 год. изнесува 1.116.602 денари. Во ревидираниот период наплатени се вкупно 850.905 ден. или 76,20%. Од кои 760 иљјади комунална такса за назив на фирма, 44.705 ден. за КТ за користење простор пред деловни простории и 46.200 ден. за користење музика во јавни локали.

**- Користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност.** Секој правен субјект кој користи простор пред деловен објект должен е да плати комунална такса за користење на просторот. Данокот по овој основ е целосно наплатен.

**- Користење на музика во јавните локали.** Овој вид комунална такса согласно законот за комунални такси треба да ја плаќаат сите јавни локали. Под јавен локал согласно законот се подразбираат угостителските објекти (кафеани, гостилници и сл.) и нивните истурени деловно места (бавчи, тераси и сл.)

Во општината се наплатени приход и од други видови комунална такса, за кои одделението за администрирање на даноци и комунални такси нема законска обврска да врши пресметување и наплата, за пресметување и наплата со законот се задолжени други правни лица, а тоа се:

-**Комунална такса за користење на улици со патнички и товарни возила** што се плаќа при регистрација на возила, со наплата од 175.477денари.

-**Комунална такса што се плаќа за одржување на јавно осветлување**, со наплата од 6.393.196 денари.

Општината нема остварено приходи од следните видови комунални такси:-
-Комунална такса за привремен престој,
-комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни меса,
-комунална такса за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловен простор и
-комунална такса за користење на плоштад,

Во контекс на однапред изнесеното, ревизијата е во уверување дека, вработените во Одделението за администрирање на даноци и такси заедно со овластеното лице, проценител на недвижен имот, овластено со Решение за овластување за вршење процена од областа на недвижниот имот бр.08-60/1 од 11.01.2013 година донесено од градоначалникот на општината, се залагаат да ги минимизираат ризиците, да извршат правилна и законска процена на недвижниот имот, да ги запазат законските рокови за изготвување на решенијата за даноците на имот и комуналните такси и да извршат навремена наплата и прибирање на изворните приходи. На тој начин се зајакнува финансискиот капацитет на општината.

## *ЗАКЛУЧОК*

Процесот на администрирање на даноците и комуналните такси е еден од поважните процеси бидејки со ажурно и навремено администрирање на приходите се овозможува ефикасно и ефективно функционирање на Општината, а се со цел превземање на активности во надлежноста на Општината за задоволување на интересите и потребите на граѓаните на Општина Македонски Брод.
Одделение за администрирање на даноци и комунални такси е задолжено за планирање, пресметување, наплата и евидентирање на приходите од даноци на имот и комунални такси. Оваа одделение се состои од вработени и тоа Раководител на одделението,самостоен референт за утврдување на локални приходи (двајца извршители) самостоен референ-даночен извршител, советник за администрирање на локални приходи и помлад соработник за евиденција и работа со даночни обврзници. Отука се гледа дека оваа оделение како значајно одделение за собирање на приходите се добро екипирани, со што ризиците според контролните цели се сведени на ниско ниво.

Кај вработените постои поделба на должностите. Листата на даночни обврзници е ажурирана и во континуитет се проверува, а решенијата се изготвуваат согласно законската регулатива. Даночните задолженија се во согласност со изворните документи на даночните должници. Даночните ослободувања се во согласност со даночната законската регулатива. Во ревидираниот период се преземени законски мерки за наплата на даночните приходи и е забележан зголемен процент на наплата во однос на претходните периоди.

Отпишувањето на даночните побарувања се врши во моментот кога се исцрпени сите можности за нивна законска наплата.

Со проверка на приложените предмети констатиравме дека пресметката на данокот се врши врз основа на соодветни документи, а проценката на пазарната вредност е утврдена согласно законската регулатива. Има ангажирано овластен проценител за проценка на недвижен имот. Стапките за утврдување на даночните приходи се утврдени со Одлука од совет.

Во ревидираниот период се преземени сите мерки за наплата на заостанатите побарувања од даноците и комуналните такси.

Одделението за администрирање на даноци и комунални такси има изготвено пишани процедури за сите процеси за кои е овластено. Целосната примена на пишаните процедури од вработените кои се вклучени во овие процеси, го намалува ризикот од нецелосно, неточно и ненавремено пресметување, наплата и евидентирање на даночните приходи и комунални такси.

**ИЗГОТВИЛ:**
Внатрешен ревизор
Велјанка Србиноска

**КОНТРОЛИРАЛ:**
Раководител на одделение за ВР
Билјана Бошкоска